Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ
СКОПЈЕ
Примено: 23-08-2021
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 08 | -201 | /6 | |

REPUBLIKA SEVERNA MAKEDONIJA - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-82/6
18.08. 2021 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 165 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 17 седница одржана на 05.05.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Метрологија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за електротехника и информатика и информациски науки при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Метрологија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за електротехника и информатика и информациски науки при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на науки од областа на Метрологијата /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Science.

4. Научно - истражувачко подрачје: 1- Природно-математички науки, 2-Техничко-технолошки науки.

Научно – истражувачко поле: 103 Физика, 204 електроника и автоматика, 202 електротехника, 213 контрола на квалитетот, 218 регулација и управување со технолошки процеси.

Научно – истражувачка област: 10316 метрологија, 20409 мерење и инструментација, 21301 статистички методи во контрола на квалитет, 21800 мерни сензори, интелигентни мерни конвертори и инструменти.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: акад. проф. д-р Леонид Грчев, проф. д-р Миле Станковски, проф. д-р Димитар Ташковски, проф. д-р Марија Чундева-Блајер, проф. д-р Христина Спасевска, проф. д-р Маргарита Гиновска, Проф. д-р Владимир Димчев, проф. д-р Снежана Чундева, проф. д-р Лилјана Гавриловска, вон. проф. д-р Живко Коколански, вон. проф. д-р Лихнида Стојановска Георгиевска, вон. проф. д-р Маре Србиновска, проф. д-р Марија Календар, проф. д-р Јосиф Ќосев, проф. д-р Љупчо Арсов.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 02-201/1 од 04.02.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Метрологија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за електротехника и информатика и информациски науки при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08-82/1 од 22.02.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 12-та седницата одржана на 24.02.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр. 08-82/3 од 21.05.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 17-та седница одржана на 05.05.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски